Република Северна Македонија
Republika e Maqedonisë së Veriut
ДРЖАВЕН ИСПИТЕН ЦЕНТАР
QENDRA SHTETËRORE E PROVIMEVE
Бр.-Nr. 01-71/3
26.01. 2022 год.-viti
Скопје-Shkup

Република Северна Македонија

ДРЖАВЕН ИСПИТЕН ЦЕНТАР

# ПРОГРАМА
# ЗА РАБОТАТА НА ДРЖАВНИОТ ИСПИТЕН ЦЕНТАР
# ЗА 2022 ГОДИНА

*Скопје, јануари 2022 година*

# СОДРЖИНА

1. ВОВЕД ........ 4
2. ДЕЈНОСТ НА ЦЕНТАРОТ ........ 5
3. ОРГАНИЗАЦИСКА ПОСТАВЕНОСТ НА ЦЕНТАРОТ ........ 6
4. ПОСТОЈНА КАДРОВСКА СОСТОЈБА ........ 7
5. ПРОГРАМСКИ ЗАДАЧИ НА ЦЕНТАРОТ ЗА 2022 ГОДИНА ........ 8
   5.1. ДРЖАВНА МАТУРА ........ 9
   5.2. ОБУКИ И ИСПИТ ЗА КАНДИДАТИ ЗА ДИРЕКТОРИ И НАПРЕДНИ ОБУКИ ЗА ДИРЕКТОРИ НА ОСНОВНИ, СРЕДНИ УЧИЛИШТА, УЧЕНИЧКИ ДОМ И ОТВОРЕН ГРАЃАНСКИ УНИВЕРЗИТЕТ ЗА ДОЖИВОТНО УЧЕЊЕ ........ 15
   5.3. СТРУЧЕН ИСПИТ ЗА НАСТАВНИЦИ И СТРУЧНИ СОРАБОТНИЦИ ........ 18
   5.4. ДРЖАВНО ТЕСТИРАЊЕ ВО ОСНОВНОТО ОБРАЗОВАНИЕ ........ 20
   5.5. МЕЃУНАРОДНИ СТУДИИ ЗА МЕРЕЊЕ НА ПОСТИГАЊАТА НА УЧЕНИЦИТЕ (ПИСА, ТИМСС, ПИРЛС, ТАЛИС) ........ 23
   5.6. НОРМАТИВНО-ПРАВНО РАБОТЕЊЕ И УПРАВУВАЊЕ СО ЧОВЕЧКИ РЕСУРСИ ........ 30
   5.7. ФИНАНСИСКО РАБОТЕЊЕ ........ 31
   5.8. ЗАЕДНИЧКИ И ОПШТИ РАБОТИ ........ 32
6. СОРАБОТКА ........ 33

**ПРИЛОГ:** ФИНАНСИСКИ ПЛАН ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА АКТИВНОСТИТЕ ОД ПРОГРАМАТА ЗА РАБОТА НА ДРЖАВНИОТ ИСПИТЕН ЦЕНТАР ЗА 2022 ГОДИНА

# 1. ВОВЕД

Државниот испитен центар (во понатамошниот текст Центарот) е основан согласно Законот за Државниот испитен центар („Службен весник на Република Македонија" бр.142/08, 148/09, 41/14, 55/16, 142/16 и 64/18). Центарот започна со работа како јавна установа со својство на правно лице на 20.11.2009 година. Надзор над спроведувањето на одредбите на Законот за Центарот врши Министерството за образование и наука.

Државниот испитен центар е надлежен за: организирање и спроведување на екстерните испити на државната матура, спроведување на меѓународни тестирања, спроведување на државно тестирање, спроведување на стручен испит за наставници и стручни соработници, оспособување на кандидати за директори, како и полагање на испитот за директори на основни училишта, средни училишта, ученички домови и отворени граѓански универзитети за доживотно учење и стручно доусовршување на директорите.

Со Центарот управува Управен одбор кој има претседател и шест члена. Претседателот и членовите на Управниот одбор ги именува Владата на Република Северна Македонија имајќи ја предвид соодветната правична застапеност на припадниците на заедниците на чии јазици и писмо се остварува наставата во основното и средното образование.

Со работата на Центарот раководи директор, кој е именувано лице од Владата на Република Северна Македонија, на предлог на министерот за образование и наука.

Директорот на Државниот испитен центар има заменик, кој исто така е именувано лице од Владата на Република Северна Македонија.

Центарот има Стручен колегиум кој го сочинуваат директорот на Центарот, заменик директорот на Центарот и раководителите на секторите, а по потреба и раководителите на одделенијата и други вработени што ќе ги определи директорот на Центарот.

## 2. ДЕЈНОСТ НА ЦЕНТАРОТ

За остварување на работите од својот делокруг, Центарот согласно Законот за Државниот испитен центар, Законот за обука и испит за директор на основно училиште, средно училиште, ученички дом и отворен граѓански универзитет за доживотно учење, Законот за основното образование, Законот за средното образование, Законот за наставниците и стручните соработници во основните и средните училишта и подзаконските акти кои произлегуваат од истите:

- доставува до Државниот матурски одбор предлог концепција за матура и завршен испит во средното образование, предлог прагови за преодна и одлична оценка за екстерните испити на матурата, како и други документи кои се во негова надлежност;
- изготвува тестови и други испитни материјали за општообразовните предмети од матурата, кои се реализираат екстерно;
- го развива и одржува информацискиот систем за вреднувања на постигањата на учениците на екстерните испити во државната матура;
- дава стручна поддршка на наставниците од областа на сумативното оценување на учениците, подготвува стручни материјали и врши обука на наставниците во врска со оценувањето на постигањата на учениците на испитите од матурата и завршниот испит;
- врши организациски и технички задачи за спроведувањето на екстерните испити на матурата;
- обезбедува тајност при подготовката, печатењето, дистрибуцијата и чувањето на испитниот материјал;
- го организира, реализира и контролира процесот на оценување на тестовите од екстерните испити на матурата, како и процесот на решавање приговори;
- објавува резултати од екстерните испити на матурата;
- врши стручно-административни и финансиски работи за потребите на Државен матурски одбор;
- подготвува и спроведува меѓународни тестирања согласно меѓународно пропишаните процедури за истите и соработува со меѓународни институции од областа на оценувањето;
- подготвува и реализира државни тестирања во основното и средното образование;
- изготвува и ревидира рамки за тестирања, тестови и други испитни материјали за предмети за државните тестирања;
- доставува до министерот Предлог концепција за државните тестирања, со периоди, циклуси и области на тестирање;
- организира и спроведува стручен испит за наставници и стручни соработници од училиштата;
- издава уверенија за положен стручен испит;
- организира и спроведува основна обука на кандидатите за директори на основни училишта, средни училишта, ученички домови и отворени граѓански универзитети за доживотно учење;
- го спроведува испитот за директори на основни училишта, средни училишта, ученички домови и отворени граѓански универзитети за доживотно учење;
- издава уверенија на кандидатите кои го положиле испитот за директори на основни училишта, средни училишта, ученички домови и отворени граѓански универзитети за доживотно учење;

- организира и спроведува напредна обука за директори на основни училишта, средни училишта, ученички домови и отворени граѓански универзитети за доживотно учење;
- учествува во изготвување на предлог годишна програма за професионално усовршување и напредување на наставниците и стручните соработници;
- ги објавува развојните и годишните програми за работа на училиштата, извештаите од спроведените самоевалуации, интегрални евалуации, извештаи од постигањата на учениците од училиштето на државни и меѓународни мерења, електронски на посебен веб портал;
- врши избор, распределба, обука и/или координација на соработници;
- изготвува и издава стручни материјали и стручна литература од делокругот на своето работење;
- учествува во изготвување на законски и подзаконски акти од делокругот на своето работење;
- врши и други работи утврдени со закон и со статутот на Државниот испитен центар.

При извршувањето на своите работи Центарот соработува со научни установи, воспитно-образовни институции и други сродни установи и институцииво државата и во светот.

Центарот правовремено ја информира јавноста за извршувањето на својата дејност.

## 3. ОРГАНИЗАЦИСКА ПОСТАВЕНОСТ НА ЦЕНТАРОТ

Организацијата на Центарот е уредена врз основа на Законот за Државниот испитен центар, Статутот на Центароти Правилникот за работа и внатрешна организација на Државниот испитен центар.

Организациската структура на Центарот е следната:



## 4. ПОСТОЈНА КАДРОВСКА СОСТОЈБА

Во Центарот се вработени 30 лица кои се вклучени во организирање и реализирање на планираните програмски задачи.

Образовната структура на вработените во Центарот е следната:

| Стручна подготовка | Број на вработени |
|---|---|
| Доктори на науки | 2 |
| Магистри | 6 |
| Високо образование | 14 |
| Више образование | 0 |
| Средно образование | 8 |
| Основно образование | 0 |
| Вкупно | 30 |

Сите вработени, освен директорот и заменик директорот кои се именуваат од Владата на Република Северна Македонија, се вработени на неопределено работно време.

| Структура на вработените по звање | Број на вработени |
|---|---|
| Раководител на сектор | 1 |
| Раководител на одделение | 4 |
| Советник | 11 |
| Виш соработник | 1 |
| Соработник | 0 |
| Помлад соработник | 2 |
| Самостоен референт | 5 |
| Виш референт | 3 |
| Референт | 0 |
| Помлад референт | 0 |
| Помошно технички лица за обезбедување на објекти и опрема | 3 |
| Вкупно | 30 |

Заради сложената природа на работата во Центарот, и уште повеќе поради зголемениот обем на дејности на ДИЦ (организација и спроведување на стручниот испит за наставници и стручни соработници, како и организација и спроведување на државно тестирање во основното

образование, вклучување во поголем број меѓународни тестирања и сл.) одделни задачи се преклопуваат во повеќе организациони единици (сектори и одделенија) на ДИЦ, а тоа налага да се практицира тимска работа, односно меѓусебна соработка на вработените.

Во 2022 година Центарот има превидено да се реализираат повеќе активности за кои има и законски основ, затоа неопходно е зајакнување на кадровските капацитети. Во постојната систематизација на работните места на Центарот има 20 работни места кои не се пополнети (некои од нив по основ на пензионирање), што дава можност, а е и неопходно кадровско доекипирање со нови вработувања, како и унапредување на веќе постоечкиот кадар.

За успешно реализирање на стратешките задачи на Центарот се наметнува потребата од перманентно стручно усовршување, односно од вложување во развојот на знаењата и способностите на вработените, па затоа ќе се донесе и Програма за обуки на вработените во ДИЦ за 2022 година.

## 5. ПРОГРАМСКИ ЗАДАЧИ НА ЦЕНТАРОТ ЗА 2022 ГОДИНА

Државниот испитен центар во 2022 година својата темелна активност ќе ја насочи во реализација на следните глобални задачи:

- Подготвување и спроведување на државната матура;
- Подготовка и реализација на основна обука и испит за кандидати за директори на основно училиште, средно училиште, ученички дом и отворен граѓански универзитет за доживотно учење;
- Организација и спроведување на напредна обука за директори на основно училиште, средно училиште, ученички дом и отворен граѓански универзитет за доживотно учење;
- Организација и спроведување на стручен испит за наставници и стручни соработници;
- Подготовка и спроведување на државно тестирање во основното образование;
- Реализација на меѓународните студии: ПИСА, ТИМСС, ПИРЛС и ТАЛИС;
- Учество во подготвување на измени и дополнувања на законски и подзаконски акти.

Програмските активности на Центарот како јавна установа ќе се спроведуваат согласно со приоритетните политики на Владата на Република Северна Македонија и Министерството за образование и наука.

Државниот испитен центар својата работа ја организира и врши по организациони единици - сектори и одделенија.Во продолжение, подетално ќе бидат прикажани активностите на Центарот за 2022 година. Секои од овие делови е опишан преку следните елементи: цели кои ги претставуваат очекувањата од работата на секторите, опис на активности преку кои ќе се остварат предвидените цели, индикатори за постигнувањата на резултатите, каде што се претставени излезните очекувања преку кои ќе може да се оценува успешноста на постигањето на резултатите и временска рамка на реализација.

## 5.1. ДРЖАВНА МАТУРА

Главни приоритети во текот на 2022 година ќе биде спроведувањето на државна матура во јунски и во августовски испитен рок, како и официјализирање на новата Концепција за државна матура, училишна матура и завршен испит и подготовка и реализација на сите активности поврзани со новите форми на испити.

Во спроведувањето на државна матура се реализираат повеќе активности како што се: изготвување испитни материјали за сите екстерни испити во рамките на државната матура за двата испитни рока (јунски и августовски); обуки на наставниците од гимназиско, средно стручно и уметничко образование за користење на испитните програми во наставниот процес; организација и спроведување на оценување и решавање на приговори за тестовите за државната матура што се реализираат екстерно; изготвување прирачен материјал (прирачна литература) за успешно полагање на државна матура; ревидирање на дел од постоечките испитни материјали со квалитативна цел, како и подготовка на извештаи од спроведување на државната матура.

Активностите на Државниот испитен центар во врска со државната матура во 2022 година ќе бидат насочени кон постигнување на следните цели:

- изработка на испитен материјал и концепциски документи потребни за реализација на државна матура;
- подготовка и спроведување на сите екстерни испити за предвидените испитни рокови;
- реализација на предвидени обуки со активните учесници во реализацијата на државна матура;
- градење систем за транспаретно информирање на сите чинители кои учествуваат во процесот на државна матура и другите видови завршни испити;
- подигање на свеста за значењето на успешно спроведена државна матура кај чинителите кои учествуваат во процесот на реализација.

Центарот планира и ќе спроведува обуки и средби со наставниот кадар на теми кои произлегуваат од надлежностите предвидени со закон, а со цел унапредување на образовниот процес.

**Активности** кои се однесуваат на реализација на државна матура во 2022 година се:

- Подготовка по три испитни комплети за 10 екстерни испити (за јунски испитен рок, августовски испитен рок и резервен тест) на три наставни јазици (македонски, албански и турски јазик) или вкупно на трите јазици околу 45 теста;
- Изработка на конечни верзии на околу 45 теста;
- Подготовка на материјали за печатење и пакување на испитен материјал за 10 екстерни испити во јунски испитен рок и 10 екстерни испити во августовски испитен рок на три наставни јазици (македонски, албански и турски јазик);
- Печатење на околу 40000 тестови, околу 40000 листи од ученик и околу 40000 листи од оценувач, како и дополниителни формулари и упатства;
- Пакување на испитен материјал за јунски испитен рок и за августовски испитен рок;
- Шифрирање на испитен материјал;
- Подготовка на План на локации за реализација на екстерни испити од државна матура и План за дистрибуција на испитен материјал за јунски и за августовски испитен рок;

- Подготовка на апликацијата за државна матура за јуниски испитен рок и апликација за државна матура за августовски испитен рок;
- Верификација на конечни списоци на пријавени кандидати за јунски и за августовски испитен рок;
- Креирање, проверка и печатење на околу 2000 протоколи и околу 150000 бар кодови за јунски и августовски испитен рок;
- Доставување на распоред на кандидати по испитни простории, по предмет и училиште за јунски и за августовски испитен рок;
- Обука на секретари на училишни матурски комисии;
- Обука на тестатори за спроведување на државната матура;
- Обука за наставници за реализирање на испитни програми во рамките на матура;
- Обука на наставници за оценување на тестови во рамките на државна матура;
- Обука со наставници за менторирање на процесот на изработка на Проектна задача;
- Верификација на внесените податоци и распределба на 2000 тестатори и 200 набљудувачи по училишта во јунски и во августовски испитен рок;
- Креирање на околу 30 шаблони за реализација на екстерните испити од јунски и од августовски испитен рок од државната матура;
- Спроведување на сите фази во процесот на избор на оценувачи за сите екстерни испити;
- Оценување на тестовите од екстерните испити од јунски и од августовски испитен рок;
- Скенирање на листи од ученик и листи од оценувач, верификација и корекција на скенираниот материјал од јунски и од августовски испитен рок;
- Утврдување на процесот на праг на положеност и запишување оценки и перцентили;
- Планирање и организација и реализација на процесот на приговори;
- Анализа на изготвени испитни материјали од интерните испити од матурата;
- Обработка на податоци и изготвување на извештаи за реализирана државна матура;
- Ревизија на доставените примероци на тестовите за интерните испити (училишна матура и завршен испит) и проектните задачи со цел да подготват мислење со сугестии за добиените примероци.

**Индикатори за постигнувањата на резултатите:**

- Подготвен испитни материјали за околу 30 тестови
    - Време на реализација: септември 2021 година– мај 2022 година
- Подготвена и пуштена во употреба апликација за внес на кандидати за државна матура
    - Време на реализација: декември 2021 година– јули 2022година
- Верифицирани конечни списоци на пријавени околу 20000 кандидати за државна матура;
    - Време на реализација: февруари - август 2022 година
- Испечатени и спакувани околу 40 000 тестови и листи за ученик и листи за оценувач
    - Време на реализација: јануари - август 2022година
- Обучени оценувачи
    - Време на реализација: март - април 2022 година

- Обучени тестатори
  - Време на реализација: мај 2022 година
- Обучени секретари на УМК за внес на тестатори
  - Време на реализација: февруари 2022 година
- Реализира обука за наставници за користење на испитни програми во рамките на матура;
  - Време на реализација: февруари 2022 година
- Реализирана обука на наставници за менторирање на процесот на изработка на Проектна задача
  - Време на реализација: јануари - февруари 2022 година
- Внесени и распределени 2000 тестатори и 200 набљудувачи по училишта
  - Време на реализација: март - август 2022 година
- Избрани 200 оценувачи за екстерни испити
  - Време на реализација: април- мај 2022 година
- Оценети 40 000 теста, скенирани 40 000 листи од ученик и 40 000 листи од оценувач, корегирани и верификувани скенирани податоци од листи
  - Време на реализација: јуни - август 2022годна
- Објавени прелиминирални резултати од јунски и од августовски испитен рок
  - Време на реализација: јули - август 2022 година
- Објавени резултати од приговори на кандидати од јунски и од августовски испитен рок
  - Време на реализација: јули - август 2022година
- Обработени податоци од екстерните испити од државна матура по предмет од јунски испитен рок
  - Време на реализација: септември 2022година
- Подготвен и објавен извештај од реализирана државна матура
  - Време на реализација: септември – декември 2022 година
- Вреднувани добиените примероци од проектни задачи
  - Време на реализација: декември 2021 - јануари 2022 година
- Вреднувани добиените примероци на тестови од училиштата за интерни испити
  - Време на реализација: јануари 2022 - февруари 2022 година
- Реализирана онлајн средби со наставниците за менторирање на проектната задача
  - Време на реализација: јануари - февруари 2022 година
- Реализирана онлајн средби со наставниците за подготовка на интерни испити за државна матура
  - Време на реализација: февруари 2022 година

## 2. Нова Концепција за државна матура, училишна матура и завршен испит

Во текот на 2022 година Државниот испитен центар ќе продолжи да работи на новата Концепција за државна матура, училишна матура и завршен испит се до официјализирање на документот. За реализација на новиот концепт за државна матура во сите видови средно образование Државниот испитен центар ги планира следниве активности:

- организирање јавна расправа за предложената Концепција за државна матура, училишна матура и завршен испит со наставници, ученици, претставници на универзитетите и други образовни институции;
- формирање работни групи за сите видови испити;

- подготовка на рамка за оценување за испитите во средно стручно и средно уметничко образование;
- обука на членовите на работните групи за подготовка на испитниот материјал.
- подготовка на испитен (тестовен) материјал за испитите во средно стручно и средно уметничко образование на примерок на ученици;
- подготовка на испитен (тестовен) материјал за испитите во средно стручно и средно уметничко образование за пробно тестирање на цела популација на ученици;
- подготовка на шаблони и различни типови на формулари за внес и обработка на податоци.

### 2.1. Реализирање на пилот тестирање во 7 училишта

- Подготовка по еден испитен комплет за секој екстерен испит за пилот тестирање на три наставни јазици (македонски, албански и турски јазик) или вкупно три теста;
- Изработка на конечни верзии на три теста;
- Подготовка на материјали за печатење и пакување на испитен материјал за еден екстерен испит за пилот тестирање на три наставни јазици (македонски, албански и турски јазик);
- Печатење на тестови, листи од ученик, листи од оценувач, како и дополниителни формулари и упатства;
- Пакување на испитен материјал за пилот тестирањето;
- Шифрирање на испитниот материјал;
- Подготовка на План на локации за реализација на екстерни испити и План за дистрибуција на испитен материјал за пилот тестирањето;
- Прибирање податоци за ученици од средно стручно и уметничко образование за пилот тестирање;
- Креирање на листи за евиденција на ученици и печатење бар кодови за пилот тестирање;
- Обука на секретари и на директори на училишни матурски комисии;
- Обука на тестатори за спроведување за пилот тестирање;
- Обука за наставници за реализирање на рамката за оценување за пилот тестирање;
- Обука на наставници за оценување на тестовите од пилот тестирањето;
- Креирање на 6 шаблони за реализација на екстерните испити за пилот тестирањето;
- Спроведување на сите фази во процесот на избор на оценувачи;
- Оценување на тестовите од екстерните испити од пилот тестирање;
- Скенирање на листи од ученик и листи од оценувач, верификација и корекција на скенираниот материјал за пилот тестирањето;
- Утврдување на процесот на праг на положеност и запишување оценки и перцентили;

### 2.2. Реализирање на пробно тестирање во сите стручни и уметнички училишта

- Подготовка по еден испитен комплет за еден екстерен испит за пробно тестирање на три наставни јазици (македонски, албански и турски јазик) или вкупно три 3 теста;
- Изработка на конечни верзии на 3 теста;
- Подготовка на материјали за печатење и пакување на испитен материјал за еден екстерен испит за пробно на три наставни јазици (македонски, албански и турски јазик);
- Печатење на тестови, на листи од ученик и на листи од оценувач, како и дополниителни формулари и упатства;
- Пакување на испитен материјал за пробно тестирање;
- Шифрирање на испитен материјал;

- Подготовка на План на локации за реализација на екстерни испити и План за дистрибуција на испитен материјал за пробно тестирање;
- Креирање на листи за евиденција на ученици и печатење бар кодови за пробно тестирање;
- Обука на секретари и директори на училишни матурски комисии;
- Обука на тестатори за спроведување на пробно тестирање;
- Обука за наставници за реализирање на рамката за оценување за пробно тестирање;
- Обука на наставници за оценување на тестови во рамките на пробно тестирање;
- Креирање на 6 шаблони за реализација на екстерните испити за пробно тестирање;
- Спроведување на сите фази во процесот на избор на оценувачи за сите екстерни испити;
- Оценување на тестовите од екстерните испити од пробното тестирање;
- Скенирање на листи од ученик и листи од оценувач, верификација и корекција на скенираниот материјал за пробно тестирање;
- Утврдување на процесот објавување резултати;
- Ревидирање на подготвените документи по реализираното пробно тестирање;
- Подготовка на финална верзија на сите документи.

**Индикатори за постигнувањата на резултатите:**

- Организирана јавна расправа за предложената *Концепција за државна матура, училишна матура и завршен испит*
    - Време на реализација: јануари – март 2022 година
- Формирани работни групи за сите видови испити;
    - Време на реализација: јануари 2022 година
- Подготовена рамка за оценување за сите видови испити;
    - Време на реализација: јануари-март 2022 година
- Изработена конечна верзија на 3 теста за пилот тестирање;
    - Време на реализација: март - април 2022 година
- Изработена шаблони за 3 теста за пилот тестирање;

  Време на реализација: април 2022 година
- Креирана листи за евиденција на ученици и креирање и печатење бар кодови за пилот тестирање;
    - Време на реализација: март 2022 година
- Обучени секретари и директори на училишни матурски комисии;
    - Време на реализација: март - април 2022 година
- Подготвена апликација за внес и обработка на податоци од пилот тестирањето;
    - Време на реализација: април 2022 година
- Испечатени, спакувани и дистрибуиран испитен материјал за екстерните испити за пилот тестирањето на три наставни јазици (македонски, албански и турски јазик) во седум средни училишта;
    - Време на реализација: април-мај 2022 година
- Реализирано пилот тестирање во 7 средни училишта
    - Време на реализација: мај 2022 година
- Избрани и обучени наставници за оценување за пилот тестирање;
    - Време на реализација: мај 2022 година

- Оценети тестовите од екстерните испити од пилот тестирањето;
    - Време на реализација: мај 2022 година
- Скенирани листи од ученик и листи од оценувач, корегирани податоци и верификувани материјал од пилот тестирање;
    - Време на реализација: мај - јуни 2022 година
- Обработени резултати од пилот тестирање;
    - Време на реализација: мај - јули 2022 година
- Ревидирана рамка за оценување од пилот тестирањето
    - Време на реализација: септември 2022
- Подготовен испитен (тестовен) материјал за сите видови испити за пробно тестирање на три наставни јазици (македонски, албански и турски јазик)
    - Време на реализација: октомври-ноември 2022 година
- Изработена конечна верзија на 3 теста за пробно тестирање;
    - Време на реализација: ноември 2022 година
- Креирани листи за евиденција на ученици, креирање и печатење бар кодови за пробно тестирање;
    - Време на реализација: ноември 2022 година
- Обучени секретари и директори на училишни матурски комисии за пробно тестирање;
    - Време на реализација: октомври-ноември 2022 година
- Подготвена апликација за пробно тестирање
    - Време на реализација: октомври 2022 година
- Креирани шаблони за екстерните испити од пробно тестирање
    - Време на реализација: октомври-ноември 2022 година
- Испечатени, спакувани и дистрибуиран испитен материјал за екстерните испити за пробно тестирањето на три наставни јазици (македонски, албански и турски јазик) во сите стручни и уметнички училишта;
    - Време на реализација: ноември - декември 2022 година
- Реализирано пробно тестирање во сите средни стручни и средни уметнички училишта
    - Време на реализација: декември 2022 година
- Избрани и обучени наставници за оценување за пробно тестирање;
    - Време на реализација: декември 2022 година
- Оценети тестовите од екстерните испити од пилот тестирањето;
    - Време на реализација: декември 2022 година – јануари 2023
- Скенирани листи од ученик и листи од оценувач, корегирани податоци и верификувани материјал од пробно тестирање;
    - Време на реализација: декември 2022 година – јануари 2023
- Обработени резултати од пробно тестирање;
    - Време на реализација: декември 2022 година – јануари 2023

## 5.2. ОБУКИ И ИСПИТ ЗА КАНДИДАТИ ЗА ДИРЕКТОРИ И НАПРЕДНИ ОБУКИ ЗА ДИРЕКТОРИ НА ОСНОВНИ, СРЕДНИ УЧИЛИШТА, УЧЕНИЧКИ ДОМ И ОТВОРЕН ГРАЃАНСКИ УНИВЕРЗИТЕТ ЗА ДОЖИВОТНО УЧЕЊЕ

Во Државен испитен центар се организираат и координираат активностите за спроведување на основна обука на кандидати за директори на основни училишта, средни училишта, ученички дом и отворен граѓански универзитет за доживотно учење како и организација и реализација на испитот за директори.

Главната цел на обуката за директори во Државниот испитен центар е професионално оспособување на директорите за имплементација на усвоените промени во образованието односно за успешно раководење со ново и современо училиште.

Основната обука за кандидат за директор се спроведува со цел кандидатот да се стекне со потребните професионални компетенции за успешно организирање, раководење на воспитно-образовната работа и администрирање на работата во училиштето. Основната обука е една, заедничка - единствена за сите кандидати независно од нивната намера за понатамошно аплицирање за функцијата директор. Истата се спроведува на македонски и албански наставен јазик.

Со право на полагање на испит се стекнува кандидатот кој успешно ја завршил основната обука за директор односно присуствувал на обука и успешно ги одбранил семинарските работи за сите 6 модули.

Со следење на обука и положување на испитот кандидатите ќе ги добијат потребните знаења и ќе се стекнат со практични вештини од областа на образовниот менаџмент и педагошко инструктивни дејности. Испитот се реализира во просториите на Државниот испитен центар, во просторија која ги исполнува условите за полагање согласно законските и подзаконските акти.

Директорите кои ќе се здобијат со уверение за положен испит за директори имаат обврска континуирано во 2021 година да се надградуваат и професионално да се усовршуваат.

Воедно во Државниот испитен центар ќе се спроведува и напредна обука за актуелните директори на основни училишта, средни училишта, ученички дом и отворен граѓански универзитет за доживотно учење. Согласно Законот за обука и испитот за директор на основно училиште, средно училиште, ученички дом и отворен граѓански универзитет за доживотно учење („Службен весник на Република Македонија" бр.10/15, 145/15, 192/15, 30/16 и 120/18), директор на училиште со положен испит за директор во текот на една година е должен континуирано да посетува напредна обука во 2021 година за професионално усовршување од најмалку 4 семинарски денови (32 часа). Врз основа на член 22 став 4 од посочениот Закон, обуките се предвидени според Програмата за напредна обука за директори.

Главна цел на програмата е надградување на усвоените професионални компетенции на директорите во основните и средните училишта, ученичките домови и граѓанските универзитети за доживотно учење за континуирано и професионално усовршување во 2021 година, како и ефективно користење на истите во секојдневната работа за успешно раководење со училиштето/училишниот дом/граѓанскиот универзитет.

За сите кандидати што се стекнале со Уверение за положен испит за директор и за актуелните директори се води Online Базата (Регистар) кој се наоѓа на веб страницата на Државен испитен центар. Базата е отворена за јавност и има за цел евиденција и достапност на основните податоци за канадидатите што се стекнале со Уверение за директори основни училишта, средни училишта, ученички дом и отворен граѓански универзитет за доживотно учење.

Базата континуирано ќе се дополнува со податоци за лицата кои се стекнале со уверение и за лицата кои посетувале напредна обука во 2022 година. Исто така, во базата ќе се ажурираат и податоците за актуелните директори, врз основа на податоци добиени од МОН и единиците на локална самоуправа на чие подрачје е училиштето.

Базата ќе се дополни со модул за регистрација и евиденција на кандидатите за напредна обука.

**Активности:**

- Објава на јавен повик и избор на обучувачи за основна обука;
- Избор на обучувачи на јавен оглас;
- Изготвување на прирачници за обука на директори на македонски и на албански јазик;
- Изготвување на работни материјали за обука на директори на македонски и на албански јазик;
- Изготвување на прашања и теми за испит од страна на обучувачите и ревидирање на 30% од истите;
- Верификација на прашањата и темите од страна на Испитната комисија и внес во апликацијата за полагање на испит;
- Водење евиденција и документација за кандидатите кои ја следат основната обука (електронска база на податоци и досиеја во тврда копија);
- Подготовка и организација на основните обуки за директори;
- Организација и спроведување на испитот за директори на училишта;
- Изготвување и издавање на уверенија за положен испит за директор на училиште;
- Изготвување на дупликат уверенија по барање на кандидатите;
- Изготвување, изменување и дополнување на подзаконски акти и документи за напредна обука;
- Донесување на Програма за напредна обука;
- Објава на јавен повик и избор на обучувачи/провајдери за напредна обука;
- Подготовка и организација на напредните обуки за директори;
- Водење евиденција и документација за кандидатите кои ја следат напредната обука (електронска база на податоци и досиеја во тврда копија);
- Изготвување процедури за организација и спроведување на напредни обуки за актуелните директори;
- Изготвување на измени и дополнување на Законот за обука и испит за директор на основно училиште, средно училиште, ученички дом и отворен граѓански универзитет за доживотно учење;
- Изготвување подзаконски акти во насока на квалитетна организација на обуките;
- Изготвување извештаи за организирање и реализирање на обуките;
- Изготвување извештаи за резултатите од испитот за директори;

- Дополнување и ажурирање на Online Базата (Регистар) за лица кои се стекнале со Уверение за директори и за актуелните директори.

**Индикатори за постигнување на резултатите:**

- Избрани обучувачи (на македонски јазик и албански јазик) за основна обука
    - Време на реализација: февруари-март2022 и ноември 2022
- Изготвени 6 прирачници за секој модул кои се лекторирани, рецензирани и преведени на албански јазик
    - Време на реализација: септември-ноември 2022 година
- Изготвени работни материјали за сите кандидати кои се пријавиле и следеле основна обука за директори
    - Време на реализација: континуирано во 2022 година
- Изготвени минимум 50 прашања за прв модул и по минимум 60 прашања за 2, 3, 4, 5 и 6 модул и ревидирани се по 30% од истите.
    - Време на реализација: март и ноември 2022 година
- Верификувани минимум 350 прашања за испит на директори.
    - Време на реализација: април и декември 2022 година
- Изготвена евиденција на сите кандидати кои се пријавиле за обука и испит и за секој кандидат е отворено досие и архивирани се документите за нив;
    - Време на реализација: континуирано во 2022 година
- Подготвени и организирани минимум 2 обуки во текот на годината, по пријавување на минимум 10 кандидати за секој јазик пооделно (македонски и албански) се формира група за обука[1]
    - Време на реализација: континуирано во 2022година
- Подготвени и реализирани минимум четири испитни сесии полагање испит за директор
    - Време на реализација: континуирано во 2022 година
- Подготени, архивирани и издадени Уверенија за положени испити за сите кандидати што го положиле испитот за директори
    - Време на реализација: континуирано во 2022 година
- Издадени дупликат Уверенија за положен испит за директори на оние кандидати што го изгубиле уверението;
    - Време на реализација: по потреба
- Изготвени законски и подзаконски акти во насока на подобрување на процедурите за основната обука и испит за кандидати за директори
    - Време на реализација: континуирано во 2022 година
- Изготвени подзаконски акти, процедури и упатства за реализација на напредните обуки за актуелните директори;
    - Време на реализација: континуирано во 2022 година
- Објавен јавен оглас и избрани обучувачи за напредна обука

  Време на реализација: февруари-март 2022 година
- Реализирани напредни обуки за актуелните директори[2]

[1]По потреба основните обуки ќе се реализираат on-line

[2] По потреба напредните обуки ќе се реализираат on-line

    - Време на реализација: континуирано во 2022 година
- Изготвени извештаи за реализација на обуките на кандидатите за директори
    - Време на реализација: декември 2022 година
- Изготвени извештаи за реализација на испитите на кандидатите за директори
    - Време на реализација: декември 2022 година
- Ажурирана база за лиценцирани лица и актуелни директори
    - Време на реализација: континуирано во 2022 година

## 5.3. СТРУЧЕН ИСПИТ ЗА НАСТАВНИЦИ И СТРУЧНИ СОРАБОТНИЦИ

Наставник и стручен соработник кој за првпат се вработува во основно односно средно училиште е наставник – приправник, односно стручен соработник – приправник. За време на приправничкиот стаж приправниците, се оспособуваат за самостојна воспитно-образовна, односно стручна работа преку стекнување на основните професионални компетенции.

Приправникот по истекот на приправничкиот стаж полага стручен испит кој го организира Државниот испитен центар преку стручни комисии за спроведување на приправничкиот испит формирани од директорот на Државниот испитен центар.

Целта на стручниот испит е да се провери дали кандидатот во текот на приправничкиот стаж се оспособил за самостојно вршење на воспитно-образовна и стручна работа и дали ги совладал компетенциите кои се потребни за еден наставник/стручен соработник.

**Активности:**

- Изготвено Известување (јавен повик) за полагање на стручен испит за наставници и стручни соработници и поставување на веб станата на ДИЦ;
- Подготовен и организиран стручен испит;[3]
- Примени, евидентирани, архивирани и изготвени досиеја за кандидати што се пријавиле за стручен испит;
- Изготвена електронска база на податоци за сите кандидати што се пријавиле за стручен испит;
- Изготвени извештаи за кандидати што не исполнуваат услови за полагање;
- Изготвени известувања за кандидати што не исполнуваат услови и враќање на комплетна документација;
- Спроведен стручен испит;
- Изготвени записници од испитот за секој кандидат;
- Изготвени извештаи за спроведените испити за сите предмети;
- Изготвени извештаи за исплата на стручните комисии за сите предмети;
- Изготвени и издадени уверенија за положен стручен испит;
- Изготвен краток извештај за испитна сесија;
- Изготвени детални анализи за секоја испитна сесија;

[3] По потреба стручниот испит ќе се реализира on-line

- Изготвени насоки и процедури за полагање на стручен испит согласно новите подзаконски акти;
- Направени обуки со директори на основни и средни училишта во врска со реализацијата на приправничкиот стаж и потребни документи за полагање стручен испит.

**Индикатори за постогнување на резултатите:**

- Изготвени Известувања за пролетна и есенска испитна сесија
    - Време на реализација: февруари 2022 година и септември 2022 година
- Евидентирани, архивирани и отворени досиеја за сите пријавени кандидати за стручен испит
    - Време на реализација: февруари-март 2022 и септември-ноември 2022 година
- Организиран стручен испит за пролетна и есенска испитна сесија
    - Време на реализација: март-април 2022 и октомври-ноември 2022 година
- Направена и ажурирана електронска база на податоци за сите кандидати што се пријавиле за стручен испит за пролетна и есенска испитна сесија
    - Време на реализација: континуирано во 2022 година
- Разгледани и анализирани сите документи на кандидати што се пријавиле за стручен испит
    - Време на реализација: март и октомври 2022 година
- Изготвени извештаи и известувања за сите кандидати што не исполнуваат услови за полагање на стручен испит
    - Време на реализација: март-април 2022 година и октомври-ноември 2022 година
- Спроведен стручен испит за сите кандидати кои исполнуваат услови за полагање стручен испит во повеќе основни и средни училишта
    - Време на реализација: март-април 2022 и октомври-ноември 2022 година
- Изготвени записници за сите кандидати кои полагале стручен испит од страна на комисиите за стручен испит
    - Време на реализација: април-мај 2022 и ноември-декември 2022 година
- Изготвени извештаи по предмети за сите кандидати кои се пријавиле за полагање на стручен испит
    - Време на реализација: април-мај 2022 и ноември-декември 2022 година
- Изготвени извештаи за исплата за сите членови на комисии кои учествувале во реализацијата на стручен испит;
    - Време на реализација: април-мај 2022 и ноември-декември 2022 година
- Изготвени, архивирани и издадени Уверенија за положен стручен испит за сите кандидати кои го положиле испитот
    - Време на реализација: април-мај 2022 и ноември-декември 2022 година
- Изготвени квантитативни извештаи од полагањето на стручен испит за пролетна и есенска испитна сесија
    - Време на реализација: мај 2022 и декември 2022 година
- Изготвени насоки и процедури за полагање на стручен испит на наставници и стручни соработници .
    - Време на реализација: март-април 2022 и октомври-ноември 2022 година
- Изготвени документи и формулари за полагање на стручен испит на наставници и стручни сорабоотници .

  - Време на реализација: март-април 2022 и октомври-ноември 2022 година
- Обучени директори на основни и средни училишта за реализација на приправничкиот стаж и за потребни докумнети за полагање стручен испит на наставници и стручни соработници .
  - Време на реализација: март-април 2022 и октомври-ноември 2022 година.

## 5.4. ДРЖАВНО ТЕСТИРАЊЕ ВО ОСНОВНОТО ОБРАЗОВАНИЕ

Државниот испитен центар во 2022 година ќе преземе низа активности со цел Државното тестирање во основното образованиеда биде успешно и квалитетно реализирано.

Согласно Законот за основното образование („Службен весник на РСМ" бр.161/19), член 133, став 1 „Остварувањето на стандардите на постигнувања во текот на основното образование се проверува со државно тестирање кое се спроведува од страна на Државниот испитен центар.", Државниот испитен центар во 2020 година на министерот за образование и наука му предложи Концепција за државно тестирање во која се опфатени периодите, циклусите и областите за државните тестирања, како и репрезентативниот примерок на ученици. Концепцијата за државно тестирање беше донесена од министерот и, согласно истата, во 2022 година ќе се спроведе првото главно тестирање на учениците од трето одделение.

Главни цели на Државното тестирање се:

1. Изработка на квалитетни испитни материјали за главното тестирањето во 2022 година и за преттестирање во петто одделение во 2023 година.
2. Организација и спроведување на главното тестирање во трето одделение.
3. Транспарентно и сеопфатно информирање на пошироката јавност за целите и очекуваните резултати од државното тестирање.
4. Креирање план за развој на човечки и технички капацитетите на Државниот испитен центар за спроведување на Државното тестирање.

**Активности:**

Државниот испитен центар во 2022 година ќе преземе низа активности насочени кон постигање на предвидените цели, односно:

1. Континуирана работа (заеднички состаноци и индивидуален ангажман на членовите) на предметните работнигрупи (ПРГ) по наставните предмети македонски јазик, албански јазик и математика, со цел да се изработат:
- ајтеми (стандардизирани задачи со упатства за оценување) за главното тестирање во трето одделение;
- оценување на отворените ајтеми;
- рамки за оценување за преттестирањето во петто одделение по предметите опфатени со него: математика, македонски јазик и албански јазик.

2. Организација и спроведување на главното државно тестирање во трето одделение, односно:
- континуирани обуки за членовите на ПРГ;
- редовна комуникација со основните училиштата и прибирање на потребните податоци;
- коректура на прашалниците за училиштата, наставниците и учениците што се користени во преттестирањето;

- коректура на упатства за училишните координатори и тестатори што се користени во преттестирањето;
- обука на училишни координатори и тестатори;
- прилагодување на постоечки софтвер (до изработка на соодветен софтвер) за обработка на резултатите од главното тестирањето;
- прибирање на податоци и избор на примерок на училишта и ученици за главното тестирањето;
- графичко уредување и печатење на тестови и прашалници;
- дистрибуција, реализација на главното тестирање и прибирање на испитните материјали;
- избор, обука на оценувачи и спроведување на оценувањето;
- внес, прочистување и обработка на податоците од главното тестирањето;
- подготовка за изготвување извештај од главното тестирање во трето одделение, што трба да се објави во 2023 година.

3. Подготовки за државното преттестирање во петто одделение, односно:
- избор на членови на ПРГ за преттестирањето во петто одделение;
- изработка на Рамки за оценување за наставните предмети што ќе се преттестираат во петто одделение 2023 година
- прибирање на податоци и избор на примерок на училишта и ученици за преттестирањето во петто одделение.

4. Изработка на информативни материјали за пошироката јавност и организација на работни средби на вработените во Државниот испитен центар и претставници од Министерството за образование со училишните координатори, наставниците и директори со цел да се информираат за:
- целите, структурата и организацијата на државното тестирање во целина;
- организацијата на тестирањето во училиштата што ќе бидат дел од примерокот.

5. Развој на човечките и техничките капацитети на ДИЦ, односно:
   - комуникација со надлежните институции и спроведување на активности за доекипирање на ДИЦ;
   - комуникација со одговорните лица од „Проектот за унапредување на основното образование" во чии рамки е предвидено да се организираат обуки за вработените во ДИЦ за државното тестрање, како и за набавка на опрема за печатење на испитни материјали и друга компјутерска опрема (сервери, компјутери, скенери, принтери...) и соодветен софтвер за прибирање, внес и обработка на податоците и резултатите од Државното тестирање.

Индикатори за постигнувањата на резултатите:

- Изработени информативни прилози за државното тестирање и информирање на пошироката јавност за државното тестирање.
    - Време на реализација: континуирано во 2022 година
- Коригирани рамки за оценување за наставните предмети македонски јазик, албански јазик и математика во трето одделение.
    - Време на реализација: јануари 2022 година
- Изработени стандардизирани задачи и упатства за оценување за предметите: математика, македонски јазик и албански јазик за трето одделение.

  - Време на реализација: април 2022 година
- Коригирани прашалници за ученици, наставници и директори на училишта
  - Време на реализација: март 2022 година
- Уредени, лекторирани и испечатени околу 5000 тестови за наставните предмети македонски јазик, албански јазик и математика за трето одделение (на македонски јазик и на албански јазик) и околу 6500 прашалници прашалници за училиштата, наставниците и учениците (на македонски јазик и на албански јазик).
  - Време на реализација: мај 2022 година
- Избран примерок на училишта и ученици за главното тестирањето во трето одделение
  - Време на реализација: април 2022 година
- Коригирани упатства за координатори и тестатори.
  - Време на реализација: април 2022 година
- Одржани средби со училишните координатори и директорите на училиштата опфатени со примерокот за главното тестирање
  - Време на реализација: април 2022 година
- Изработен, испечатен и дистрибуиран леток за учениците и родителите со информации за држаното тестирање.
  - Време на реализација: април 2022 година
- Избрани оценувачи и реализирана обука за оценувачи
  - Време на реализација: мај 2022 година
- Оценети околу 5000 тестови
  - Време на реализација: јуни-јули 2022 година
- Креирани шаблони за скенирање на резултатите од трите предмети од главното тестирањето и прилагоден софтвер за внес на податоците и обработка на резултатите
  - Време на реализација: јануари - мај 2022 година
- Скенирани околу 5000 листи од оценувач и внесени податоците од околу 6500 прашалници од главното тестирање
  - Време на реализација: јули-септември 2022 година
- Обработени резултати од главното тестирање
  - Време на реализација: септември-декември 2022 година
- Подготовки за изработка на Извештај од реализираното главно тестирање во трето одделение
  - Време на реализација: декември 2022 година
- Формирани предметни работни групи за соодветните наставни предмети што ќе се преттестираат во петто одделение во 2023 година
  - Време на реализација: септември 2022 година
- Обуки на членовите на ПРГ за петто одделение за изработка на рамка за оцанување и изработка на ајтеми.
  - Време на реализација: октомври 2022 година
- Изработени рамки за оценување за соодветните наставни предмети за претестирањето во петто одделение во 2023 година.
  - Време на реализација: октомври - декември 2022 година
- Отпочнат процес на изработка на стандардизирани задачи и упатства за оценување за соодветните наставни предмети за преттестирањето во петто одделение во 2023 година.
  - Време на реализација: декември 2022 година

- Комуникација со одговорните лица од Проектот за унапредување на основното образование"
    - Време на реализација: континуирано во 2022 година

## 5.5. МЕЃУНАРОДНИ СТУДИИ ЗА МЕРЕЊЕ НА ПОСТИГАЊАТА НА УЧЕНИЦИТЕ (ПИСА, ТИМСС, ПИРЛС, ТАЛИС)

Преку учеството во меѓународните студии на мерење на постигањата на учениците се добиваат бројни податоци за образовните системи, наставните програми, наставниот процес, постигањата на учениците, работата на наставниците, како и споредување на постигањата на учениците на меѓународно ниво. Поконкретно, целите на учество на нашата држава во меѓународните студии е да се добијат валидни податоци пред сè за:

- какво е нивото на постигања на учениците и каде е местото на нашата држава во меѓународни рамки, постигањата од другите држави, кои се значајни за нас, како информација за тоа како се изведува образовниот процес во државите во кои се постигаат добри резултати;
- каков е наставниот процес, подготовката на наставниците и нивниот професионален развој кај нас во споредба со другите држави;
- какво е инстутиционалното организирање на воспитно-образовната работа на образовните системи различни од нашиот.

Државниот испитен центар во 2022 година планира да ги реализира следниве меѓународни студии и тоа:

- TIMSS (Trends in International Mathematics and Science Study);
- PIRLS (Progress in International Reading Literacy Study);
- PISA (Programe for International Studen Assessment);
- TALIS (Teaching and Learning International Survey).

**• ПИСА**

PISA (Programe for International Studen Assessment) е најголема светска меѓународнастудија во образованието која ги мери способностите и знаењата на учениците на крајот на задолжителното образование, односно се мери подготвеноста на учениците за живот на возраст од 15 години во три подрачја:

- оспособеност за читање со разбирање – и критички пристап во читањето на пишани материјали;
- математичка писменост – читање, интерпретирање и решавање на даден проблем со организирање и толкување на дадени информации и избирање на метод за решавање;
- писменост во природните науки – препознавање на научни прашања, користење на научни знаења, идентификување на содржината во научните истражувања и поврзување на научните податоци со докази и заклучоци.

Во ПИСА 2022 покрај овие три подрајча ќе се мери и креативност.

Во 2022 година Центарот ќе реализира активности поврзани со ПИСА2022.

Меѓународната студија ПИСА2022 за прв пат кај нас ќе се реализира електронски. Во 2022 година планирано е да се реализира главно тестирање во сите средни училишта на примерок од околу 7800 ученици на македонски и на албански јазик. За таа цел потребно е да се спроведат следниве **активности:**

- Прибирање на податоци од училиштата и избор на примерок;
- Превод, уредување и верификација на материјали (тестови, прашалници, упатства...) за реализација на главното тестирање;
- Прибрање и внес во базата податоци на околу 19.000 ученици на петнаесетгодишна возраст и случаен избор на околу 7.800 ученици;
- Прибирање на податоци за техничка опременост на училиштата за спроведување на електронско ПИСА тестирање;
- Информативни средби со советниците од БРО;
- Информативни средби со директорите на средните училишта;
- Обука за лица задолжени за спроведување на студијата во училиштата;
- Спроведување на тестирање во сите средни училишта;
- Обука на лица за оценување на ајтеми;
- Оценување на ајтемите на македонски и на албански јазик;
- Оценување на ајтемите на англиски јазик за пресметување релијабилност со останатите држави учеснички во студијата;
- Кодирање на отворените прашања од Прашалникот за ученик;
- Прочистување на податоците од базата на податоци, нивна корекција, верификација и доставување до ОЕЦД;
- Постојана комуникација со ОЕЦД во врска со ПИСА студијата;
- Комуникација со МОН во врска со ПИРЛС тестирањето.

**Индикатори за постигнувањата на резултатите:**

- Верификуван електронски материјал за спроведување на ПИСА2022 главно тестирање (конечни ајтеми и прашалници) на македонски и на албански јазик
    - Време на реализација: до февруари 2022 година
- Избран примерок на ученици опфатени со главно тестирање
    - Време на реализација: до март 2022 година
- Преведени и верификувани формулари и упатства за спроведување на главно тестирање на македонски и на албански јазик
    - Време на реализација: до февруари 2022 година
- Информативни средби со претставници од БРО
    - Време на реализација: до февруари 2022 година
- Прибирање на информации од училиштата за техничка опременост за спроведување на екетронско ПИСА тестирање
    - Време на реализација: февруари 2022 година
- Реализирана обука за процедури за спроведување на студијата со претставници од средните училиштата
    - Време на реализација: март-април 2022 година
- Реализирана обука за администратори на компјутерската опрема за електронска реализација на студијата
    - Време на реализација: март-април 2022 година

- Подготовка на софтвер за главно тестирање
    - Време на реализација: јануари-април 2022 година
- Подготовка на УСБ и лаптопи со софтвер за главно тестирање
    - Време на реализација: март-мај 2022 година
- Подготовка на план за главно тестирање
    - Време на реализација: март 2022 година
- Обука за надворешни соработници за реализација на главно тестирање
    - Време на реализација:април 2022 година
- Подготовка на план за дистрибуција на лаптопи и УСБ за главно тестирање
    - Време на реализација: април 2022 година
- Реализирано главно тестирање во сите средни училишта
    - Време на реализација: април-мај 2022 година
- Реализирана обука на оценувачи за оценување на отворени ајтеми
    - Време на реализација: мај-јуни 2022 година
- Оценети сите отворени ајтеми на македонски и на албански јазик од учениците опфатени со главното тестирање
    - Време на реализација: мај-август 2022 година
- Оценети сите ајтеми на англиски јазик и пресметана релијабилност
    - Време на реализација: мај-јули 2022 година
- Кодирани отворени прашања од прашалници за ученици
    - Време на реализација: јуни-јули 2022 година
- Прочистени податоци, корегирани, верификувани и испратени бази со податоци во ОЕЦД од главно тестирање
    - Време на реализација: јуни-септември 2022 година
- Остварена редовна комуникација со МОН во врска со ПИСА2022.
    - Време на реализација: континуирано во 2022 година

## • TIMSS

TIMSS (**Trends in International Mathematics and Science Study** е меѓународната студија по математика и природна група предмети, која ги мери знаењата способностите на учениците по математика и природната група предмети во четврто одделение. Преку прашалниците за ученици, наставници и директори се добиваат резултати за тоа како културната средина, наставната практика, целите на наставните програми и системското уредување на образованието влијаат врз постигањата на учениците.

Математичките, како и знаењата и способностите по физика, хемија, биологија и географија, се клучни за интелектуалниот растеж на секој поединец, како претпоставка за понатамошно успешно образование и професионален напредок. Целта за учество на нашата држава во оваа студија е да се се согледа колкаво е нивото на математичката писменост и писменоста по природните науки кај учениците на крајот од четвртото одделение како и кои фактори влијаат на тие постигања значаен факт за креаторите на образовнатата политика и истражувачите во полето на образованието кај нас.

Мерењето на постигањата во оваа студија има две димензии: содржинска и когнитивна.

За ТИМСС2023 година согласно планот на ИЕА за спроведување на студијата предвидено е да се реализира пробно тестирање во 30 основни училишта. Истото за прв пат кај нас ќе се спроведе електронски.

За таа цел потребно е да се спроведат следниве **активности:**

- Прибирање на податоци од училиштата опфатени со примерокот и избор на паралелки за пробно тестирање;
- Превод, уредување и верификација на материјали (тестови, прашалници, упатства...) за реализација на пробно тестирање;
- Прибрање и внес во базата податоци од 30 основни училишта опфатени со пробниот примерок;
- Прибирање на податоци за техничка опременост на училиштата за спроведување на електронско тестирање;
- Информативни средби со советниците од БРО;
- Информативни средби со директорите на училишта од примерокот;
- Обука за лица задолжени за спроведување на студијата во училиштата;
- Спроведување на пробното тестирање во 30 основни училишта;
- Обука на лица за оценување на ајтеми;
- Оценување на ајтемите на македонски и на албански јазик;
- Печатење на Прашалникот за родители, пакување и дистрибуција;
- Внес на податоците од Прашалникот за родители;
- Прочистување на податоците од базата на податоци, нивна корекција, верификација и доставување до ИЕА;
- Постојана комуникација со ИЕА во врска со ТИМСС студијата.
- Подготовка на главно тестирање;
- Прибирање на податоци за избор на примерок за главно тестирање;
- Превод на на материјали (тестови, прашалници, упатства...) за реализација на главно тестирање;
- Комуникација со МОН во врска со ПИРЛС тестирањето.

**Индикатори за постигнувањата на резултатите:**

- Верификуван електронски материјал за спроведување на пробно ТИМСС 2023 тестирање (конечни ајтеми и прашалници) на македонски и на албански јазик
    - Време на реализација: до март 2022 година
- Избран примерок на паралелки опфатени со пробно тестирање
    - Време на реализација: февруари 2022 година
- Преведени формулари и упатства за спроведување на пробно тестирање на македонски и на албански јазик
    - Време на реализација: до февруари 2022 година
- Информативни средби со претставници од БРО
    - Време на реализација: до февруари 2022 година
- Прибирање на информации од училиштата за техничка опременост за спроведување на екетронско ТИМСС тестирање
    - Време на реализација: февруари 2022 година

- Реализирана обука за процедури за спроведување на студијата со претставници од училиштата опфатени во примерокот
    - Време на реализација: февруари - март 2022 година
- Реализирана обука за администратори на компјутерската опрема за електронска реализација на студијата
    - Време на реализација: февруари - март 2022 година
- Подготовка на софтвер за пробно тестирање
    - Време на реализација: јануари-март 2022 година
- Подготовка на УСБ и лаптопи со софтвер за пробно тестирање
    - Време на реализација: февруари - март 2022 година
- Подготовка на план за пробно тестирање
    - Време на реализација: февруари 2022 година
- Подготовка на план за дистрибуција на лаптопи и УСБ за пробно тестирање
    - Време на реализација: февруари 2022 година
- Реализирано пробно тестирање во 30 основни училишта опфатени со примерокот
    - Време на реализација: март 2022 година
- Реализирана обука на оценувачи за оценување на отворени ајтеми
    - Време на реализација: март 2022 година
- Оценети сите отворени ајтеми на македонски и на албански јазик од учениците опфатени со пробното тестирање
    - Време на реализација: март - мај 2022 година
- Испечатени, спакувани и дистрибуирани Прашалници за родители
    - Време на реализација: март 2022 година
- Прибрани пополнети Прашалници за родители и внесени во база
    - Време на реализација: март-април 2022 година
- Прочистени податоци, кодирани, верификувани и испратени бази со податоци во ИЕА од пробно тестирање
    - Време на реализација: март-јуни 2022 година
- Прибирани податоци за избор на примерок за главно тестирање;
    - Време на реализација: септември 2022 година
- Избран примерок на 150 училишта за главно тестирање
    - Време на реализација: октомври 2022 година
- Информативни средби со претставници од БРО за главно тестирање
    - Време на реализација: октомври 2022 година
- Преведени материјали (тестови, прашалници, упатства...) за реализација на главно тестирање и доставени до ИЕА за верификација
    - Време на реализација: до крај на декември 2022 година
- Остварена редовна комуникација со МОН во врска со ТИМСС2023.
    - Време на реализација: континуирано во 2022 година

• PIRLS

PIRLS (Progress in International Reading Literacy Study) е меѓународна студија за мерење на постигањата на учениците во читање со разбирање, односно оспособеноста за читање на 9-10

годишна возраст. Оспособеноста за читање со разбирање кај секое дете обезбедува основа за негово понатамошно учење и развој, како и вклучување во непосредната околина и пошироко во општеството. Целите на учество во оваа студија е да се добијат валидни податоци поврзани со читањето: процесот на разбирање, целите заради кои учениците читаат и навиките и ставовите за читањето.

Во текот на 2022 година предвидено е да се реализираат активности поврзани со прочистувањето на податоците од главното тестирање реализирано во 2021 година, изработка на драфт извештаи или делови од посеопфатни извештаи за тестирањето, согласно барањата од ИЕА и изработка на материјали за одделенските наставници поврзани со ПИРЛС. За реализација на студијата ПИРЛС 2021 во целина, во 2022 година потребно е да се спроведат следниве **активности:**

- Комуникација (електронска и онлајн средби) со претставници од ИЕА во врска со податоците од главното тестирање, односно доставување на дополни податоци, коректура на испратените податоци, проверка и потврда на валидноста на доставените податоци;
- Дистрибуција на примероци од тест-книшките од главното тестирање до ИЕА;
- Комуникација (електронска и онлајн средби) со претставници од ИЕА во врска со изработката на главниот меѓународен извештај што ќе биде објавен во 2023 година;
- Комуникација (електронска и онлајн средби) со претставници од ИЕА во врска со изработката на детални извештаи и текстови за посебниот извештај за резулатите на земјите од Западен Балкан што ќе биде објавен во 2023 година;
- Информативни средби со советниците од БРО;
- Комуникација со МОН во врска со ПИРЛС тестирањето.

**Индикатори за постигнувањата на резултатите:**

- Целосно прочистени податоци од главното ПИРЛС2021 тестирање
    - Време на реализација: во текот на 2022 година, согласно барањата од ИЕА
- Дистрибуирани примероци од тест-книшките од главното тестирање до ИЕА;
    - Време на реализација: во текот на 2022 година, по официјалната потврда од ИЕА дека целосно се прочистени податоците
- Пополнет детален прашалник за образовниот систем и наставата по читање со разбирање во РСМ
    - Време на реализација: јануари 2022 година
- Изработен драфт текст посветен на образовниот систем и спроведувањето на ПИРЛС во РСМ, како дел од меѓународниот извештај за ПИРЛС 2021
    - Време на реализација: февруари 2022 година
- Одржани консултативни средби со претставници на ИЕА и корекции на драфт текстот посветен на образовниот систем и спроведувањето на ПИРЛС во РСМ, како дел од меѓународниот извештај за ПИРЛС 2021
    - Време на реализација: март-декември 2022 година
- Одржани консултативни средби со претставници на ИЕА и изработен драфт текст посветен на читањето со разбирање од аспект на застапеноста во наставните програми, перцепцијата на наставниците и резултатите на учениците, за потребите на посебниот извештај посветен на земјите учеснички од Западен Балкан во ПИРЛС 2021.
    - Време на реализација: континуирано во 2022 година
- Одржани информативни средби со советниците од БРО

    - Време на реализација: континуирано во 2022 година
- Остварена редовна комуникација со МОН во врска со ПИРЛС2021.
    - Време на реализација: континуирано во 2022 година

• TALIS

TALIS (Teaching and Learning International Survey) е меѓународното истражување на ОЕЦД за настава и учење. Претставува најголемото меѓународно истражување за наставниците и директорите, работни услови, средини за учење, верувања и практики и служи како глобален барометар на наставничката професија.

Во 2022 година е предвидено да се реализираат следниве активности:

- Подготовка на временска рамка за реализација на пробно и главно истражување;
- Давање на коментари на инструментите кои ќе се користат за пробното истражување;
- Превод на инструменти, уредување и верификација на преводот за пробно истражување;
- Прибирање на податоци за избор на примерок за пробно тестирање;
- Избор на примерок на училишта за пробно истражување;
- Комуникација со МОН во врска со ПИРЛС тестирањето.

**Индикатори за постигнувањата на резултатите:**

- Подготвена и прифатена од ОЕЦД временска рамка за реализација на пробно и главно истражување TALIS 2024
    - Време на реализација: до јуни 2022 година
- Испратени коментари на инструменти што ќе се користат во пробно истражување
    - Време на реализација: септември 2022 година
- Конечни одобрени инструменти на македонски и на албански јазик за пробно истражување
    - Време на реализација: до крај на 2022 година
- Прибрани податоци за избор на примерок за пробно тестирање и прифатени податоци од ИЕА
    - Време на реализација: до јуни 2022 година
- Избран примерок на училишта за пробно истражување
    - Време на реализација: до септември 2022 година
- Остварена редовна комуникација со МОН во врска со ТАЛИС2024.
    - Време на реализација: континуирано во 2022 година

## 5.6. НОРМАТИВНО-ПРАВНО РАБОТЕЊЕ И УПРАВУВАЊЕ СО ЧОВЕЧКИ РЕСУРСИ

Со цел реализација на активностите предвидени со Програмата за работа на Центарот ќе се работи на изготвување поединечни и општи нормативно-правни акти, решенија, договори и други документи, како и административни работи за потребите на Центарот. Активно ќе се учествува во изработката на предлог законски решанија од делокругот на работа на Центарот, како и други подзаконски акти од областа на образованието.

Исто така ќе се работи на зајакнување на капацитетите на Центарот, ќе биде изготвен годишен план за вработување, согласно потребите и ќе бидат спроведени постапки за негова реализација. Ќе се изготви План за генерички и специјализирани обуки за административните службеници во Центарот.

**Индикатори за постигнувањата на резултатите:**

- учество во изработката на законски и подзаконски акти од делокругот на работа на Центарот и изготвување предлог-измени и дополнување на одделни закони и правилници
  - Време на реализација: континуирано во 2022 година;
- подготени поединечни и општи акти (одлуки, решенија, наредби, извештаи, укажувања и сл.) за засновање на работен однос, за плата, за престанок на работен однос, за службено патување во странство, за службено отсуство, годишен одмор, платено, неплатено отсуство од работа, прекувремена работа, ноќна работа и државни празници, за мирување на работен однос, расходување на основните средства и ситен инвентар, постапки за утврдување на вредност на канцелариски мебел и информатичка опрема, за попис на магацинот, попис на благајната, редовен и вонреден попис на основните средства и ситниот инвентар на Центарот и сл.;
  - Време на реализација: континуирано во 2022 година
- подготвени договори за надворешни соработници по основ на јавни набавки;
  - Време на реализација: континуирано во 2022 година
- подготвени јавни огласи за избор на надворешни соработници и водење на постапки по распишаниот конкурс до конечноста на одлуката за избор, изготвени договори со ангажираните надворешни соработници поврзани со дејноста на Центарот и низа други проектни активности;
  - Време на реализација: континуирано во 2022 година
- подготвени барања за вработувања согласно Правилникот за систематизација на работните места на Центарот и Годишниот план за вработување во јавниот сектор, водење постапки по распишан јавен оглас до конечноста на одлуката за избор
  - Време на реализација: континуирано во 2022 година
- ажурирани податоци за вработените во Регистарот на вработените во јавниот сектор, како и пресметани годишни оценки на вработените и изрекување на мерките за одличен и слаб ефект;
  - Време на реализација: континуирано во 2022 година
- воспоставен систем за управување со ефектот на административни службеници;
  - Време на реализација: континуирано во 2022 година
- водење дисциплински постапки поради дисциплинска неуредност и дисциплински престап;

  - Време на реализација: по потреба
- изготвен план на генерички и специјализирани обуки за административните службеници во Центарот;
  - Време на реализација: контнуирано
- спроведена постапка за унапредување и мобилност на вработените согласно законските прописи;
  - Време на реализација: континуирано во 2022 година
- реализирани обуки согласно Програмата за обуки на вработените во ДИЦ за 2022 година
  - Време на реализација: септември-ноември 2022 година

## 5.7. ФИНАНСИСКО РАБОТЕЊЕ

Државниот испитен центар согласно законските прописи ќе врши планска распределба на финансиските средства по одделни активности, предвидени со Годишната програма, Финансискиот план и Планот за јавни набавки за 2022 година. Континуирано во 2022 годинаќе бидат следени сите доспеани обврски на Центарот, нивна навремена исплата, согласно со одобрениот буџет и ќе се врши пренамена на средства во согласност со потребите на Центарот. Активностите на одделението ќе се извршат ажурно, уредно и следејќи го законското финансиско и материјално работење на институцијата.

Согласно со одобрениот буџет на Центарот за ефикасно и ефективно работење за тековната година, ќе се изготви Годишен план за јавни набавки по видови стоки, услуги и работи и ќе се спроведат постапки, согласно со закон за негова реализација. На почетокот на 2022 година ќе се изготви годишна сметка на Центарот за претходната година, и истата ќе биде проследена до Управата за јавни приходи, Централен регистар и Државниот завод за ревизија.

Секој месец ќе се врши пресметка на плати на вработените во Центарот.

На крајот на календарската година ќе биде спроведен попис и ќе се утврдува состојбата која ќе биде усогласена со материјалното сметководство на Центарот. Ќе биде извршено порамнување на магацинската со книговодствената евиденција. Ќе се направи книговодствено усогласување на извршените пописи. Ќе се направи пресметка на амортизација и ревалоризација. Исто така ќе биде изготвен и годишен извештај за бруто остварени приходи, платен данок и придонеси и вкупна нето плата, како и финансиски извештаи и бруто биланс за изготвување на годишна завршна сметка.

Во текот на целата година ќе се следи реализацијата на финансиските средства одобрени со буџетот и по потреба ќе се врши нивна пренамена.

Ќе се обезбеди финансиско и материјално работење на Центарот, согласно со позитивните законски прописи.

**Индикатори за постигнувањата на резултатите:**

- пресметка на плати за вработените во Центарот
  - Време на реализација: континуирано во 2022 година
- изготвен План за јавни набавки за 2022 година и спроведени постапки минимум 70% од јавните набавки во согласно со позитивните законски прописи
  - Време на реализација: континуирано во 2022 година
- изготвена годишна завршна сметка на Центарот
  - Време на реализација: февруари 2022 година

- изготвен годишен извештај за бруто остварени приходи, платен данок и придонеси и вкупна нето плата;
    - Време на реализација: февруари - март 2022 година
- исплатени надоместоци за претседателот и членовите на Управен одбор, Државен матурски одбор, Комисија за полагање на испит за директор, Комисии за стручни испити,
    - Време на реализација: континуирано во 2022 година
- исплатени надоместоци за ангажирани надворешни соработници
    - Време на реализација: континуирано во 2022 година
- исплатени фактури за комунални услуги, како и фактури по основ на јавни и други набавки
    - Време на реализација: континуирано во 2022 година
- изработени касови извештаи
    - Време на реализација: континуирано во 2022 година
- извршено контирање и книжење на целокупната финансиска документација и водење на синтетичка и аналитичка евиденција
    - Време на реализација: континуирано во 2022 година

## 5.8. ЗАЕДНИЧКИ И ОПШТИ РАБОТИ

Со цел реализација на активностите предвидени со Програмата за работа на Центарот, а согласно со, ќе се набавува и инсталира соодветна техничка опрема и соодветни софтверски решенија со цел подобрување на техничките капацитети на Центарот.

Ќе се изработат репрезентативни материјали со логото и името на Центарот за кандидатите за директори и други соработници на Центарот. Технички ќе се уредуваат и печатат сите тековни службени документи на Центарот во текот на целата година. Центарот ќе работи и кон обезбедување на законски согласности за уништување на употребен и неупотребен испитен материјал и останат документиран материјал.

Во делот на промоција на Центарот и информирање на јавноста за активностите кои се извршуваат ќе се преземат низа активности: јавни дебати, трибини и прес конференции, како и доставување на информации до електронските медиуми.

**Индикатори за постигнувањата на резултатите:**

- ажурирана веб-локацијата за Центарот и веб-локација за матура;
    - Време на реализација: континуирано во 2022 година
- извршени стручно административни и технички работи од делокругот на работата на Центарот
    - Време на реализација: континуирано во 2022 година
- примени и заведени административни пратки, информации, одлуки, решенија, договори и други акти во деловодникот
    - Време на реализација: континуирано во 2022 година
- доставени поштенски пратки до вработените
    - Време на реализација: континуирано во 2022 година
- класирани поштенски пратки за експедиција
    - Време на реализација: континуирано во 2022 година
- обезбедени просториите и опремата на Центарот
    - Време на реализација: континуирано во 2022 година.

## 6. СОРАБОТКА

Државниот испитен центар континуирано во 2022 година ќе соработува со бројни меѓународни и домашни институции:

- Соработка со ИЕА (International Association for the Evaluation of Educational Achievement), ОЕЦД (Organisation for Economic Co-operation and Development), Канцеларијата на УНИЦЕФ во Скопје, УСАИД, МЦГО, Фондацијата Чекор по чекор, Светска банка и центрите во државите во регионот кои се занимаваат со дејности сродни со дејностите на ДИЦ.
- Соработка со Владата на Република Северна Македонија, Министерството за образование и наука, Министерството за информатичко општество, Министерството за труд и социјална политика, Министерството за финансии, Бирото за развој на образование, Државниот просветен инспекторат, Центарот за стручно образование и обука, Центарот за образование на возрасни, сите средни и основни училишта, како и високо-образовни и сродни установи и институции во и надвор од државата и др.

ДРЖАВЕН ИСПИТЕН ЦЕНТАР
ДИРЕКТОР

м-р Елизабета Наумовска

## ПРИЛОГ: ФИНАНСИСКИ ПЛАН ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА АКТИВНОСТИТЕ ОД ПРОГРАМАТА ЗА РАБОТА НА ДРЖАВНИОТ ИСПИТЕН ЦЕНТАР ЗА 2022 ГОДИНА